ЗАПИСНИК
**од 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 21.12.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Арбен Саити, Арѓенд Џелили, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:45 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.12.2022 година.
2. Предлог-годишен план за јавни набавки во 2023 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на адвокатски услуги со предлог – одлука и предлог – договор.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата поради техничка не можност да се подготви, го одложи усвојувањето на Предлог-записникот од 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.12.2022 година, за една од наредна седница.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлог-годишниот план за јавни набавки во 2023 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека Агенцијата како договорен орган по усвојувањето на Финансискиот план за 2023 година, согласно одредбите на Законот за јавни набавки има обврска да донесе Годишен план за јавни набавки во 2023 година каде што ќе бидат дефинирани сите потреби кои што Агенцијата ќе ги има во текот на 2023 година. Самата структура на овој документ е дефинирана во Правилникот за формата и содржината и начинот на изготвување на Годишен план за јавни набавки кој што го има донесено министерот за финансии како надлежен министер. По усвојувањето, овој план треба да се објави на електронскиот систем на јавни набавки најдоцна до јануари 2023 година. Предложениот годишен план е изработен врз основа на потребите на надлежните сектори, така што овој документ претставува компилација, збир на сите набавки кои што беа пријавени од секторите. Посочи дека доколку во текот на работењето произлезе друга потреба за набавка која сега не е евидентирана, Законот дава можност да се измени или дополни планот доколку за тоа се обезбедени финансиски средства.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот да го донесе Годишниот план за јавни набавки во 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, да го објави на својата веб-страницата Годишниот план за јавни набавки во 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека станува збор за промена на вредноста на бодот во висина од 7% бруто, заради инфлацијата која е констатирана во државата, иако факт е дека инфлацијата е далеку поголема од предлогот кој што е даден во материјалите

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Горенаведениот подзаконски акт да се објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на адвокатски услуги со предлог-одлука и предлог-договор. Објасни дека многу години наназад Агенцијата ангажира надворешен соработник односно адвокатска канцеларија заради давање на

правна помош и правни мислења. Соработката со сегашната адвокатска канцеларија се одвива во најдобар можен однос и соработка. Агенцијата е задоволна од нивниот ангажман и притоа АВМУ има и мала заштеда затоа што оваа адвокатска канцеларија не е ДДВ корисник па затоа и Агенцијата нема да плаќа ДДВ и износот од 450.000,00 денари е за услугите во текот на целата година. Од таа причина бидејќи секоја година се предлага ваков договор на годишно ниво, предлогот е и оваа година да се донесе Одлука за набавка на адвокатски услуги од адвокатска канцеларија, за 2023 година.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува со предлогот, добро е да се има ангажирано адвокатска канцеларија која може дополнително да ги проверува одлуките на Стручната служба односно одлуките пред да ги донесе Советот да бидат проверени од независно лице.

Советот на Агенцијата за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев, даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на адвокатски услуги од адвокатска канцеларија, за 2023 година.

За набавка на адвокатските услуги, се одобруваат финансиски средства во износ од 450.000,00 денари (со вклучен ДДВ), кои се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за 2023 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со субјектот кој ги исполнува бараните услови, ќе склучи договор со кој ќе се уредат меѓусебните односи на двете договорни страни.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-84/1

10.01 **2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**